Северна Македонија - R. e Maqedonisë së Veriut - Kuzey Makedonya C.
Општинско основно училиште ИСТИКБАЛ
Shkolla fillore komunale ISTIKBAL
Belediye ilköğretim okulu İSTİKBAL
Бр. /Nr./No. 0306-379/5
19.12 2025 год./viti/yil
Тетово - Tetovë - Kalkandelen

Врз основа на член 11, 44 , 45 од Законот за административни службеници ( Сл.весник на РМ бр. 27/14,199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, и 11/18, и Службен весник на РСМ бр. 275/2019, 14/20,215/21,99/22 208/2024 и 210/2024 ), и Предлог за вработување по Јавен оглас бр.789/2025, и Конечна ранг листа доставена од Агенција за администрација ВД Директорот на ООУ"Истикбал"- Тетово ја донесе следната

# О Д Л У К А

## За избор на кандидат за вработување по јавен оглас

1.За извршител на работно место ОБН 0102 Г02 008 – Благајник II, Виш референт – Благајник , Одделение за финансии и сметководство се избира кандидатот – **Адиље Шабани** со идентификациски број 6B06BA7 .

2. Именуваната ќе биде вработена на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука за што ќе се донесе решение за вработување.

3. Оваа одлука влегува на сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По барање бр. 0306-379/1 од 12.06.2025 год. на ООУ"Истикбал"-Тетово, и Дополнување на Барање под бр. 0306-379/2 од 11.07.2025 год. Агенција за администрација за потребите на ООУ"Истикбал"-Тетово, на ден 16.07.2025 год. го објави јавниот оглас бр.789/2025 во дневните весници "Слободен Печат", "Нова Македонија" и "Лајм" и на интернет страница на Агенција за администрација за потребата од вработување на административен службеник – 1 извршител на ООУ"Истикбал" –Тетово за следното работно место: место ОБН 0102 Г02 008 – Благајник II, Виш референт – Благајник , Одделение за финансии и сметководство По истекот на рокот за пријавување на кандидати, Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас , формирана со Решение на Директорот на Агенција за администрација бр. 10-1436/5 од 24.07.2025 год. ја спроведе постапката за вработување која се состои од административна селекција- Записник од извршена административна селекција за административен службеник под бр. 10-1436/6 од 06.08.2025 год. Записник од спроведениот испит за административен службеник под бр. 10-1436/13 од 05.12.2025 год. и Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник под бр. 10-1436/14 од 09.12.2025 год.

По спроведените фази од постапката за вработување на административен службеник од страна на Агенција за администрација е доставана Конечна ранг листа од сите фази на постапката за вработување и до Директорот- Предлог за вработување на кандидат. Врз основа на Предлогот за вработување, Директорот на ООУ"Истикбал" Тетово изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

По конечноста на одлуката за избор, Директорот на ООУ"Истикбал"-Тетово ќе донесе Решение, односно ќе склучи Договор за вработување на неопределено работно време.

**Правна поука**: Против оваа Одлука може да се изјави жалба до Агенција за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата.

Доставено до:

-Избраниот кандидат

-Агенција за администрација

Архива

ООУ " Истикбал" – Тетово

ВД Директор Имрја Адеми